Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен.весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 19-а став 4 и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен.весник на Република Македонија“ бр.38/96 .... 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 08.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за избор на Директор на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес

1.За Директор на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес се избира:

**- Горанчо Наунчев од Велес - Дипломиран инженер технолог од базно неорганско инженерство.**

2. Директорот својата функција ќе ја извршува за време од 4 години започнувајќи од 12.04.2022 година.

3.Ова Решение стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

**Образложение**

Градоначалникот на Општина Велес, распиша Јавен конкурс бр.08-1626/2 од 23.03.2022 година за избор на директор на ЈКП „Дервен“ Велес. По распишаниот јавен конкурс, Градоначалникот на Општина Велес донесе одлука со која Горанчо Наунчев од Велес е избран за Директор на ЈКП „Дервен“ Велес со мандат од 4 години од денот на изборот започнувајќи од 12.04.2022 година.

Врз основа на горе изнесеното, а согласно член 19-а став 3 и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен.весник на Република Македонија“ бр.38/96 .... 64/18) се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за управна постапка и постапка за работен однос во втор степен.

Број 08-1626/7
08.04.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес,
Марко Колев

Доставено до:
-ЈКП „Дервен“ Велес;
-УО на ЈКП„Дервен“ Велес:
-Именуваниот;
-Списи и архива.

Изработил:Марија Чатмова
Согласен:Анита Пивкова